Council of Europe
Conseil de l'Europe

# Рамковна Конвенција
# за заштита на националните малцинства
со образложение

# Framework Convention
# for the protection of national minorities
and explanatory report

# Convention-cadre
# pour la protection des minorités nationales
et rapport explicatif

Македонска верзија
Macedonian version
Version macédonienne

# РАМКОВНА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА НАЦИОНАЛНИТЕ МАЛЦИНСТВА

**со Образложение**

Изданија на Советот на Европа, 1995

Англиско издание:
Framework Convention for the Protection of National Minorities
and explanatory report
ISBN 92-871-2618-6

Служба за издавачка дејност и документација
Совет на Европа
Стразбур, 1995

Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства, што ја изработи ad хоc Комитетот за заштита на националните малцинства (АХКНМ) под раководство на Комитетот на министрите на Советот на Европа, беше усвоена од Комитетот на министрите на Советот на Европа на 10 ноември 1994 година и отворена за потпишување за државите членки на 1 февруари 1995 година. Комитетот на министрите може да ги повика и државите кои не се членки да му се приклучат на овој инструмент.

Оваа публикација го содржи текстот на Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства со образложението.

**Рамковна конвенција за заштита на националните малцинства**

Државите членки на Советот на Европа и другите држави, потписнички на оваа Рамковна конвенција,

Оценувајќи дека целта на Советот на Европа е остварување на потесно единство меѓу неговите членки за да се сочуваат и унапредуваат идеалите и принципите што се нивно заедничко наследство;

Оценувајќи дека еден од начините за постигнување на таа цел е заштитата и развојот на правата на човекот и основните слободи;

Сакајќи да ја реализираат Декларацијата на шефовите на држави и влади на државите членки на Советот на Европа прифатена во Виена на 9 октомври 1993;

Решени да го заштитуваат постоењето на националните малцинства на нивните територии;

Оценувајќи дека потресите во европската историја покажаа дека заштитата на националните малцинства е од суштинско значење за стабилноста, демократската сигурност и мирот на континентот;

Оценувајќи дека едно плуралистичко и вистински демократско општество мора не само да го почитува етничкиот, културниот, јазичниот и верскиот идентитет на секој припадник на национално малцинство, туку и да создава услови за изразување, сочувување и развој на тој идентитет;

Оценувајќи дека создавањето на атмосфера на толеранција и дијалог е неопходно со цел културната разновидност да биде извор и фактор не на поделба, туку на збогатување за секое општество;

Оценувајќи дека развојот на толерантна и просперитетна Европа не зависи само од соработката меѓу државите, туку бара и прекугранична соработка меѓу локалните и регионалните власти при почитување на Уставот и територијалниот интегритет на секоја држава;

Имајќи ја предвид Конвенцијата за заштита на правата на човекот и основните слободи и нејзините Протоколи;

Имајќи ги предвид обврските за заштита на националните малцинства содржани во конвенциите и декларациите на Обединетите Нации како и во документите на Конференцијата за европска безбедност и соработка, посебно документот од Копенхаген од 29 јуни 1990;

Решени да ги дефинираат принципите што треба да се почитуваат и обврските што произлегуваат од тие принципи со цел, во рамките на државите членки и на другите држави кои ќе се приклучат кон овој инструмент, да се обезбеди ефикасна заштита на националните малцинства и на правата и слободите на припадниците на тие малцинства со почитување на владеењето на правото, територијалниот интегритет и националниот суверенитет;

Одлучни да ги спроведуваат принципите наведени во оваа Рамковна конвенција низ национални закони и соодветна политика на владите,

Се согласија за следното:

## Дел I

### Член 1

Заштитата на националните малцинства и на правата и слободите на припадниците на тие малцинства е интегрален дел на меѓународната заштита на човековите права и, како таква, претставува област на меѓународната соработка.

### Член 2

Одредбите на оваа Рамковна конвенција ќе бидат совесно применувани, во дух на разбирање и толеранција, како и со почитување на принципите на добрососедство, пријателски односи и соработка меѓу државите.

### Член 3

1. Секој припадник на национално малцинство има право слободно да избере да биде или да не биде третиран како таков, а никаква штета не смее да произлезе од таквиот избор или од вршењето на правата поврзани со тој избор.

2. Припадниците на националните малцинства можат поединечно и заедно со други да ги вршат правата и слободите што произлегуваат од принципите наведени во оваа Рамковна конвенција.

## Дел II

### Член 4

1. Страните се обврзуваат да му го гарантираат на секој припадник на национално малцинство правото на еднаквост пред законот и на еднаква законска заштита. Во тој поглед, се забранува секаква дискриминација заснована врз припадноста кон национално малцинство.

2. Страните се обврзуваат, доколку е потребно, да донесат соодветни мерки за унапредување, во сите области на економскиот, општествениот, политичкиот и културниот живот, на целосна и ефикасна еднаквост меѓу припадниците на националниото малцинство и припадниците на мнозинството. Во тој поглед, тие ќе водат сметка за специфичните услови на припадниците на националните малцинства.

3. Мерките прифатени согласно став 2 не се сметаат за акт на дискриминација.

Член 5

1. Страните се обврзуваат да ги унапредуваат условите за да им овозможат на припадниците на националните малцинства да ја сочуваат и развиваат својата култура, како и да ги сочуваат суштинските елементи на нивниот идентитет - нивната вера, нивниот јазик, нивните традиции и нивното културно наследство.

2. Не навлегувајќи во мерките што се преземаат за спроведување на нивната општа политика за интеграција, Страните се воздржуваат од секаква политика или практика чија цел е асимилација на припадниците на националните малцинства против нивната волја и ќе ги штитат тие припадници од секаква акција чија цел е таквата асимилација.

Член 6

1. Страните ќе го поттикнуваат духот на толеранција и меѓукултурен дијалог, а ќе преземаат и ефикасни мерки за унапредување на заемното почитување и разбирање и соработката меѓу сите лица кои живеат на нивната територија, без оглед на нивниот етнички, културен, јазичен или верски идентитет, посебно во областа на образованието, културата и медиумите.

2. Страните се обврзуваат да преземат соодветни мерки за заштита на

лицата кои би можеле да бидат жртви на закани или акти на дискриминација, непријателство или насилство поради нивниот етнички, културен, јазичен или верски идентитет.

Член 7

Страните ќе му го обезбедат на секој припадник на национално малцинство почитувањето на правото на слобода на мирно собирање, на слобода на здружување, слобода на изразување и слобода на мисла, совест и вера.

Член 8

Страните се обврзуваат да му го признаат на секој припадник на национално малцинство правото на изразување на неговата вера или убедување, како и правото на формирање на верски институции, организации и здруженија.

Член 9

1. Страните се обврзуваат да признаат дека правото на слобода на изразување на секој припадник на национално малцинство ја вклучува слободата на мислење и примање или давање информации или идеи на малцинскиот јазик, без мешање на јавните власти и без оглед на границите. Во пристапот до медиумите, Страните, во рамките на нивниот правен систем, ќе обезбедат, припадниците на националното малцинство да не бидат дискриминирани.

2. Првиот став не ги спречува Страните да ги подведат под режим на дозвола, што не е дискриминаторски и што се засновува врз објективни критериуми, претпријатијата за радио, телевизија и филм.

3. Страните нема да го попречуваат формирањето и користењето на пишаните медиуми од страна на припадниците на националните

малцинства. Во законските рамки за радиото и телевизијата, тие, во рамките на можното и имајќи ги предвид одредбите од првиот став, ќе им овозможат на припадниците на националните малцинства да формираат и користат нивни сопствени медиуми.

4. Во рамките на нивниот правен систем, Страните ќе донесат соодветни мерки за олеснување на пристапот на припадниците на националните малцинства до медиумите, заради унапредување на толеранцијата и овозможување на културен плурализам.

Член 10

1. Страните се обврзуваат да му го признаат на секој припадник на националното малцинство правото на слободна и непречена употреба на неговиот малцински јазик дома и на јавни места, усно и во пишана форма.

2. Во подрачја населени со припадници на националните малцинства по традиција или во значителен број, доколку таквите припадници тоа го побараат и доколку таквото барање одговора на реалната потреба, Страните ќе вложуваат напори, во рамките на можното, да обезбедат услови за користење на малцинскиот јазик во односите меѓу тие припадници и административните власти.

3. Страните се обврзуваат да му го гарантираат правото на секој припадник на национално малцинство да биде информиран, во најкус можен рок, и на јазик што го разбира, за причините на неговото апсење, видот и причината за обвинението подигнато против него, како и правото да се брани на тој јазик, ако е потребно со бесплатна помош на преведувач.

Член 11

1. Страните се обврзуваат да му го признаат на секој припадник на национално малцинство правото да го користи своето презиме (семејно

име) и своите имиња на малцинскиот јазик, како и правото на нивното официјално признавање, според модалитетите предвидени во нивниот правен систем.

2. Страните се обврзуваат да му го признаат на секој припадник на национално малцинство правото, на својот малцински јазик да презентира натписи, знаци и други информации од приватен карактер видливи за јавноста.

3. Во подрачјата традиционално населени со значителен број припадници на националните малцинства, Страните, во рамките на нивниот правен систем, вклучувајќи ги, доколку соодветствува, и спогодбите со други држави, ќе вложуваат напори, водејќи сметка за нивните специфични услови, да ги презентираат локалните традиционални називи, имињата на улиците и другите топографски ознаки наменети на јавноста, и на малцинскиот јазик, доколку постои доволно барање за такви ознаки.

Член 12

1. Страните ќе преземат, доколку е потребно, мерки во образованието и истражувањата, за унапредување на сознанијата за културата, историјата, јазикот и верата на нивните национални малцинства како и на мнозинството.

2. Во овој контекст, Страните, меѓу другото ќе понудат соодветни можности за образование на наставници и пристап до учебниците, а ќе ги олеснат контактите меѓу учениците и наставниците од различните заедници.

3. Страните се обврзуваат да ја унапредуваат еднаквоста на можностите во пристапот до образованието во сите степени за припадниците на националните малцинства.

Член 13

1. Во рамките на нивниот образовен систем, Страните им го признаваат на припадниците на националните малцинства правото на формирање и управување со нивните сопствени приватни установи за образование и обука.

2. Вршењето на ова право не подразбира никаква финансиска обврска за Страните.

Член 14

1. Страните се обврзуваат да му го признаат на секој припадник на националното малцинство правото да го изучува својот малцински јазик.

2. Во подрачјата населени со припадници на националните малцинства по традиција или во значителен број, доколку постои доволно големо барање, Страните ќе вложуваат напори да обезбедат, во рамките на можното и во рамките на нивниот образовен систем, на припадниците на тие малцинства да им се овозможи да го изучуваат малцинскиот јазик или да посетуваат настава на тој јазик.

3. Ставот 2 од овој член ќе се применува без оглед на изучувањето на официјалниот јазик или наставата на тој јазик.

Член 15

Страните се обврзуваат да создадат услови потребни за ефикасно учество на припадниците на националните малцинства во културниот, општествениот и економскиот живот, како и во јавните работи, посебно во оние што ги засегаат.

Член 16

Страните се воздржуваат од мерки кои, ја менуваат застапеноста на населението во подрачја во кои живеат припадници на националните малцинства, и имаат за цел да ги ограничат правата и слободите што произлегуваат од принципите наведени во оваа Рамковна конвенција.

Член 17

1. Страните се обврзуваат да не го попречуваат правото на припадниците на националните малцинства слободно и мирољубиво да одржуваат контакти со лица од другата страна на границите кои законски се наоѓаат во други држави, посебно оние со кои тие имаат заеднички етнички, културен, јазичен или верски идентитет, или заедничко културно наследство.

2. Страните се обврзуваат да не го попречуваат правото на припадниците на националните малцинства да учествуваат во работата на невладини организации, како на национален, така и на меѓународен план.

Член 18

1. Страните ќе вложуваат напори, доколку е потребно за склучување на билатерални и мултилатерални спогодби со други држави, посебно со соседните држави, заради обезбедување на заштитата на припадниците на соодветните национални малцинства.

2. Доколку е потребно, Страните ќе преземаат мерки за поттикнување на прекуграничната соработка.

Член 19

Страните се обврзуваат да ги почитуваат и спроведуваат принципите содржани во оваа Рамковна конвенција внесувајќи ги, доколку е потребно, само ограничувањата, рестрикциите или укинувањата предвидени во меѓународните правни инструменти, посебно во Конвенцијата за заштита на правата на човекот и основните слободи и нејзините Протоколи, ако тие се однесуваат на правата и слободите што произлегуваат од споменатите принципи.

Дел III

Член 20

Во вршењето на правата и слободите што произлегуваат од принципите наведени во оваа Рамковна конвенција, припадниците на националните малцинства ги почитуваат националното законодавство и правата на другите, посебно правата на припадниците на мнозинството или на другите национални малцинства.

Член 21

Ништо во оваа Рамковна конвенција нема да биде толкувано како да дава право да се презема активност или да се постапува спротивно на основните принципи на меѓународното право и посебно на суверената еднаквост, територијалниот интегритет и политичката независност на државите.

Член 22

Ништо во оваа Рамковна конвенција нема да биде толкувано како да ги ограничува или укинува човековите права и основни слободи што се признати согласно законите на секоја Договорна страна или друга спогодба во која таа е потписничка.

Член 23

Правата и обврските што произлегуваат од принципите наведени во оваа Рамковна конвенција, во мерка во која се соодветни на Конвенцијата за заштита на правата на човекот и основните слободи и нејзините Протоколи, се подразбираат согласно со последните.

Дел IV

Член 24

1. Комитетот на министрите на Советот на Европа е задолжен да го надгледува спроведувањето на оваа Рамковна конвенција од страна на Договорните страни.

2. Страните кои не се членки на Советот на Европа ќе учествуваат во механизмот на спроведување според модалитетите што треба да се утврдат.

Член 25

1. Во рок од една година од денот на стапувањето на сила на оваа Рамковна конвенција по однос на некоја Договорна страна, таа ќе му достави на Генералниот секретар на Советот на Европа целосни информации за законските и други мерки што ги презела заради остварување на принципите наведени во оваа Рамковна конвенција.

2. Подоцна, секоја Страна ќе му доставува на Генералниот секретар, повремено и секогаш кога тоа ќе го побара Комитетот на министрите, секаква друга информација во врска со спроведувањето на оваа Рамковна конвенција.

3. Генералниот секретар му ги пренесува на Комитетот на министрите сите информации добиени согласно одредбите од овој член.

Член 26

1. Кога ја проценува усогласеноста на мерките преземени од некоја Страна заради остварување на принципите наведени во оваа Рамковна конвенција, на Комитетот на министрите му помага советодавен комитет чиишто членови имаат призната компетентност во областа на заштитата на националните малцинства.

2. Составот на овој советодавен комитет, како и неговите процедурални правила, ги определува Комитетот на министрите во рок од една година од денот на стапувањето на сила на оваа Рамковна конвенција.

Дел V
Член 27

Оваа Рамковна конвенција е отворена за потпишување за државите членки на Советот на Европа. До датумот на нејзиното стапување на сила, таа исто така е отворена за потпишување за секоја друга држава што Комитетот на министрите ќе ја покани да ја потпише. Таа ќе биде доставена на ратификација, прифаќање или одобрување. Инструментите за ратификација, прифаќање или одобрување ќе бидат депонирани кај Генералниот секретар на Советот на Европа.

Член 28

1. Оваа Рамковна конвенција ќе стапи на сила првиот ден од месецот по истекот на период од три месеца од денот на кој дванаесет држави членки на Советот на Европа ќе ја прифатат Рамковната конвенција согласно одредбите од членот 27.

2. За секоја држава членка која подоцна ќе ја прифати Рамковната конвенција, таа ќе стапи на сила првиот ден од месецот по истекот на период од три месеца од денот на депонирањето на инструментот за ратификација, прифаќање или одобрување.

Член 29

1. По стапувањето на сила на оваа Рамковна конвенција и по консултациите со Договорните држави, Комитетот на министрите на Советот на Европа ќе може, со одлука донесена со мнозинство гласови предвидена во членот 20.г од Статутот на Советот на Европа, да ја покани секоја друга држава што не е членка на Советот на Европа да ја потпише оваа Рамковна конвенција согласно одредбите од членот 27, доколку поканета да ја потпише, таа тоа сѐ уште не го сторила, како и секоја друга држава не-членка.

2. За секоја држава што ѝ пристапила, Рамковната конвенција ќе стапи на сила првиот ден од месецот по истекот на период од три месеца сметано од денот на депонирањето на инструментот за пристапување кај Генералниот секретар на Советот на Европа.

Член 30

1. Секоја држава, во моментот на потпишувањето или во моментот на депонирањето на својот инструмент за ратификација, прифаќање, одобрување или пристапување, може да ги наведе територијата или териториите за кои ги обезбедува меѓународните односи на кои ќе се применува оваа Рамковна конвенција.

2. Секоја држава, во секој момент потоа, со изјава упатена до Генералниот секретар на Советот на Европа, може да ја прошири примената на оваа Рамковна конвенција на секоја друга територија наведена во изјавата. Рамковната конвенција ќе стапи на сила по однос на таа територија првиот ден од месецот по истекот на период од три месеца од денот на кој Генералниот секретар ја примил изјавата.

3. Секоја изјава дадена врз основа на двата претходни става ќе може да биде повлечена, по однос на секоја територија наведена во таа изјава, со нотификација доставена до Генералниот секретар. Повлекувањето ќе

стапи на сила првиот ден од месецот по истекот на период од три месеца од денот на кој Генералниот секретар ја примил нотификацијата.

Член 31

1. Секоја Страна, во секој момент, може да се откаже од оваа Рамковна конвенција доставувајќи му за тоа нотификација на Генералниот секретар на Советот на Европа.

2. Откажувањето ќе стапи на сила првиот ден од месецот по истекот на период од 6 месеци од денот на кој Генералниот секретар ја примил нотификацијата.

Член 32

Генералниот секретар на Советот на Европа ќе ги извести државите членки на Советот, другите држави потписнички и секоја држава која ѝ пристапила на оваа Рамковна конвенција за:

а) секое потпишување;

б) депонирањето на секој инструмент за ратификација, прифаќање, одобрување или пристапување;

в) секој датум за стапување на сила на оваа Рамковна конвенција согласно нејзините членови 28, 29 и 30;

г) секој друг акт, нотификација или соопштение во врска со оваа Рамковна конвенција.

Врз основа на што, долупотпишаните, прописно овластени за таа цел, ја потпишаа оваа Рамковна конвенција.

Во Стразбур, 1 февруари 1995, на француски и англиски јазик, со тоа што обата текста се еднакво веродостојни, во еден единствен примерок што ќе биде депониран во архивите на Советот на Европа. Генералниот секретар на Советот на Европа ќе ѝ достави заверена копија на секоја од државите членки на Советот на Европа и на секоја држава поканета да ја потпише или да ѝ пристапи на оваа Рамковна конвенција.

Образложение

## Историски осврт

1. Положбата на националните малцинства е разгледувана во рамките на Советот на Европа на повеќе наврати во текот на повеќе од 40 години. Од самиот почеток на своето постоење (1949), Парламентарното собрание, во еден извештај на Комисијата за правни и административни прашања, го призна значењето на "проблемот за најширока заштита на правата на националните малцинства". Во 1961, Собранието препорача да се додаде член во еден дополнителен протокол со цел, на националните малцинства да им се гарантираат некои права што не се опфатени со Европската конвенција за човековите права (ЕКЧП). Всушност, Конвенцијата се ограничува на наведување на "припадноста кон национално малцинство" во клаузулата за недискриминација предвидена во членот 14. Содржината на предлог-членот во врска со заштитата на националните малцинства наведена во Препораката 285 (1961) е следна:

> "Припадниците на националното малцинство не можат да бидат лишени од правото, заедно со другите членови од нивната група, и во границите утврдени со јавниот ред, на сопствен културен живот, на употреба на нивниот сопствен јазик, отворање на сопствени училишта и образование на јазик по сопствен избор и вероисповед и практикување на нивната вера."

2. Комитетот на експерти, задолжен да ги проучи можноста и опортуноста од изготвување на еден таков протокол, ја одложи својата работа сé до донесувањето на конечна одлука во белгискиот јазичен случај во врска со употребата на јазикот во образованието (Пресуда на Европскиот суд за човекови права од 23 јули 1968, Серија А, бр. 6). Во 1973, тој дојде до заклучок дека, од стриктно правна гледна точка, не е апсолутно неопходно, заштитата на малцинствата да биде предмет на посебна одредба наведена во дополнителен протокол кон ЕКЧП. Сепак, експертите сметаа дека не постои поголема правна пречка за донесување на еден таков протокол доколку тој, од други причини, се смета за пожелен.

3. Неодамна, Парламентарното собрание му препорача на Комитетот на министрите решенија кои во исто време се и политички и правни, посебно решение за изготвување на протокол или конвенција за правата на националните малцинства. Препораката 1134 (1990) содржи листа на принципи што Собранието ги смета за потребни во заштитата на националните малцинства. Во октомври 1991, Управниот комитет за човекови права (УКЧП) доби задача да ги разгледа, од правен и политички аспект, условите под кои Советот на Европа би можел да поведе акција за заштита на националните малцинства имајќи ја предвид работата извршена од страна на Конференцијата за европска безбедност и соработка (КЕБС) и Обединетите Нации, како и размислувањата во рамките на Советот на Европа.

4. Во мај 1992, УКЧП беше задолжен од Комитетот на министрите да ја проучи можноста за утврдување на посебни норми во врска со заштитата на националните малцинства. За таа цел, УКЧП формира комитет на експерти (ЧП-МАЛ) кој, според новиот мандат даден во март 1993, требаше да предложи посебни правни норми во наведената област, имајќи го предвид принципот на комплементарност на работата на Советот на Европа и на КЕБС. Во текот на нивната работа, УКЧП и ЧП-МАЛ имаа предвид одделни текстови, посебно предлогот за Европска конвенција за заштита на националните малцинства што ја подготви

Европската комисија за демократија преку правото (наречена "Комисија од Венеција"), австрискиот предлог за дополнителен протокол кон ЕКЧП, предлогот за дополнителен протокол кон ЕКЧП вклучен во Препораката 1201 (1993) на Собранието, како и други предлози. По разгледувањето, беше изготвен извештај на УКЧП доставен до Комитетот на министрите на 8 септември 1993, извештај во кој се наведени разни правни норми што би можеле да бидат прифатени во таа област, како и правните инструменти во кои тие би можеле да бидат конкретизирани. Во тој контекст, УКЧП истакна дека не постои консензус за толкувањето на изразот "национални малцинства".

5. Одлучниот чекор беше направен на Состанокот на врвот на шефовите на држави и влади на државите членки на Советот на Европа, одржан во Виена од 8 до 9 октомври 1993. Во таа пригода, тие се согласија дека националните малцинства што историските потреси ги создадоа во Европа треба да бидат заштитени и почитувани со цел на тој начин да се придонесе кон стабилноста и мирот. Тие одлучија да преземат правни обврски во врска со заштитата на националните малцинства. Според Анексот II од Виенската декларација, Комитетот на министрите, меѓу другото, се задолжува:

- во краток рок да изготви рамковна конвенција во која ќе бидат наведени принципите што Договорните држави се обврзуваат да ги почитуваат за да ја обезбедат заштитата на националните малцинства. Тој инструмент би бил отворен за потпишување и за државите не-членки;

- да пристапи кон составување на протокол со кој се дополнува Европската конвенција за човекови права во културната област со одредби со кои се гарантираат индивидуалните права, посебно за припадниците на националните малцинства.

6. На 4 ноември 1993, Комитетот на министрите формира ad хос Комитет за заштита на националните малцинства (АХКНМ). Неговиот мандат ги одразуваше одлуките донесени во Виена. Кон крајот на

јануари 1994, тој комитет, составен од експерти на државите членки на Советот на Европа, ја започна својата работа во која учествуваа претставници на УКЧП, на Советот за културна соработка (СКС), на Управниот комитет за средствата за масовна комуникација (УКСМК) и Европската комисија за демократија преку правото. Високиот комесар за национални малцинства на КЕБС и Комисијата на Европската заедница, исто така, зедоа учество во работата како посматрачи.

7. На 15 април 1994, АХКНМ му достави на Комитетот на Министрите меѓуизвештај, што потоа му беше доставен на Парламентарното собрание (Док. 7109). Во мај 1994, на 94 заседание, Комитетот на министрите го изрази своето задоволство по однос на напредокот во извршувањето на мандатот даден со Виенската декларација.

8. Извесен број одредби од Рамковната конвенција коишто бараат политичка арбитража, како и одредбите што се однесуваат на надзорот врз спроведувањето на Рамковната конвенција, беа изготвени од Комитетот на министрите (517bis состанок на Овластените претставници на Министрите, 7 октомври 1994).

9. АХКНМ одлучи во текот на својот состанок одржан од 10 до 14 октомври 1994 да му достави Предлог-рамковна конвенција на Комитетот на министрите, кој го прифати текстот на 95 Министерско заседание одржано на 10 ноември 1994. Рамковната конвенција беше отворена за потпишување за државите членки на Советот на Европа на 1 февруари 1995 година.

**Општи забелешки**

**Цели на Рамковната конвенција**

10. Рамковната конвенција е првиот правно обврзувачки мултилатерален инструмент посветен на заштитата на националните

малцинства воопшто. Неговата цел е да ги прецизира правните принципи коишто државите се обврзуваат да ги почитуваат за да ја обезбедат заштитата на националните малцинства. Затоа, Советот на Европа им излезе во пресрет на желбите изразени во Виенската декларација (прилог II) за да ги преточи, колку што е можно пошироко, политичките обврски прифатени од Конференцијата за европска безбедност и соработка (КЕБС) во правни инструменти.

**Основни пристапи и концепти**

11. Со оглед на различноста на ситуациите и разновидноста на проблемите што треба да се решат, беше одлучено да се прифати Рамковна конвенција во која главно се содржани одредби - програми со кои се определуваат некои цели што Страните ќе се обврзат да ги постигнат. Тие одредби, што не се директно применливи, им оставаат на државите определено поле на слободна проценка во спроведувањето на целите што се обврзале да ги постигнат и на тој начин и овозможуваат на секоја меѓу нив да води сметка за специфичноста на ситуацијата.

12. Потребно е, исто така, да се истакне дека Рамковната конвенција не содржи никаква дефиниција на поимот "национално малцинство". Заради тоа, беше одлучено да се прифати прагматичен пристап, заснован врз констатацијата дека, на сегашниот стадиум, не е можно да се дојде до дефиниција која што ќе ја има глобалната поддршка на сите држави членки на Советот на Европа.

13. Реализацијата на принципите наведени во оваа Рамковна конвенција ќе се спроведе низ соодветното национално законодавство и политиката на владата на секоја држава. Таа не значи признавање на колективни права. Таа се стреми кон обезбедување на заштитата на припадниците на националните малцинства кои можат да ги вршат своите права поединечно или заедно со други (види член 3, став 2). Во однос на тоа, таа го следи текстот прифатен од други меѓународни организации.

**Структура на Рамковната конвенција**

14. Рамковната конвенција се состои од преамбула и пет делови.

15. Делот I ги содржи општите изрази на некои основни принципи што можат да послужат за прецизирање на другите суштински одредби на Рамковната конвенција.

16. Делот II содржи низа специфични принципи.

17. Делот III содржи разновидни одредби во врска со толкувањето и примената на Рамковната конвенција.

18. Делот IV содржи одредби за надзорот врз спроведувањето на Рамковната конвенција.

19. Конечно, делот V ги содржи заклучните клаузули кои тргнуваат од моделот на заклучните клаузули на конвенциите и спогодбите склучени во рамките на Советот на Европа.

**Коментари за одредбите на Рамковната конвенција**

**Преамбула**

20. Преамбулата ги објаснува причините заради кои е изготвена Рамковната конвенција и објаснува некои основни грижи на нејзините автори. Нејзините први зборови јасно покажуваат дека Рамковната конвенција може да биде потпишана и ратификувана од државите коишто не се членки на Советот на Европа (види членови 27 и 29).

21. Преамбулата се повикува на статутарната цел на Советот на Европа, како и на едно од средствата за постигнување на таа цел: заштита и развој на правата на човекот и основните слободи.

22. Таа, исто така, се повикува на Декларацијата донесена во Виена од шефовите на држави и влади на државите членки на Советот на Европа, документ што ги постави основите на Рамковната конвенција (види и став 5). Текстот на преамбулата всушност се инспирира, во голема мерка, од Декларацијата и посебно од нејзиниот прилог II. Тоа важи и за изборот на обврските предвидени во деловите I и II од Рамковната конвенција.

23. Преамбулата признава, но притоа не ги исцрпува, три други извори на инспирација во содржината на Рамковната конвенција: Конвенцијата за заштита на правата на човекот и основните слободи (ЕКПЧ), како и инструментите на Обединетите Нации и на КЕБС коишто содржат обврски во врска со заштитата на националните малцинства.

24. Преамбулата ги одразува грижите на Советот на Европа и на неговите држави членки во врска со опасноста што му се заканува на постоењето на националните малцинства и се инспирира од членот 1, став 1, на Декларацијата за правата на припадниците на националните или етничките, верските и јазичните малцинства на Обединетите Нации (Резолуција 47/135 прифатена од Генералното собрание на 18 декември 1992).

25. Со оглед на тоа што Рамковната конвенција е отворена и за државите коишто не се членки на Советот на Европа, а со цел да се обезбеди поцелосен пристап, беше одлучено да се вклучат некои принципи од кои произлегуваат правата и слободите што веќе се загарантирани во ЕКПЧ или во нејзините дополнителни протоколи (види го во врска со тоа и членот 23 од Рамковната конвенција).

26. Повикувањето на конвенциите и декларациите на Обединетите Нации потсетува на активностите остварени на светско ниво, на пример во Меѓународниот пакт за граѓанските и политичките права (член 27) и во Декларацијата за правата на припадниците на националните или етничките, верските и јазичните малцинства. Меѓутоа, таквото

повикување не се проширува на никаква дефиниција на национално малцинство што би можела да биде содржана во тие текстови.

27. Повикувањето на обврските преземени во таа област во рамките на КЕБС ја одразува желбата изразена во прилогот II од Виенската декларација, Советот на Европа да вложи напори да ги преточи колку што е можно пошироко тие политички обврски во правни инструменти. Документот од Копенхаген посебно даде корисни насоки при составувањето на Рамковната конвенција.

28. Претпоследниот став од преамбулата ја прецизира основната цел на Рамковната конвенција: обезбедување на ефикасна заштита на националните малцинства и на правата на припадниците на тие малцинства. Во него исто така се истакнува дека споменатата заштита би требала да биде обезбедена согласно принципот за владеење на правото и со почитување на територијалниот интегритет и националниот суверенитет.

29. Предмет на последниот став е укажувањето дека одредбите на оваа Рамковна конвенција не се директно применливи. Тој не се однесува на правото и практиката на Страните во областа на прифаќањето на меѓународните договори во внатрешниот правен поредок.

## Дел I

### Член 1

30. Членот 1 има основна цел да утврди дека заштитата на националните малцинства, што е интегрален дел од заштитата на човековите права, не спаѓа во област резервирана за државите. Изјавата дека таа заштита "е интегрален дел од меѓународната заштита на човековите права" не им дава никаква надлежност на органите востановени од ЕКПЧ да ја интерпретираат оваа Рамковна конвенција.

31. Членот се повикува на заштитата на националните малцинства како такви и на заштитата на правата и слободите на припадниците на тие малцинства. Таквата дистинкција и разликата во текстот јасно покажуваат дека не се предвидува признавање на колективните права на националните малцинства (види го исто така и коментарот за членот 3). Страните, сепак, признаваат дека заштитата на едно национално малцинство може да биде обезбедена преку заштитата на правата на припадниците на тоа малцинство.

Член 2

32. Во овој член се дадени низа принципи со кои се уредува примената на Рамковната конвенција. Тој член, меѓу другото, се инспирира од Декларацијата на Обединетите Нации во врска со принципите на меѓународното право за пријателските односи и соработката меѓу државите согласно Повелбата на Обединетите Нации (Резолуција 2625 (XXV) на Генералното собрание од 24 октомври 1970). Принципите содржани во таа одредба се од општ каратер, но тие се од посебен интерес за областа што ја покрива Рамковната конвенција.

Член 3

33. Овој член содржи два различни но поврзани принципи утврдени во два посебни става.

Став 1

34. Ставот 1 најпрвин му го гарантира на секој припадник на национално малцинство правото на слободен избор да биде третиран или да не биде третиран како таков. Тој му остава на секој припадник право да одлучува да ли сака да ја ужива заштитата што произлегува од принципите на Рамковната конвенција.

35. Овој став не значи право на поединецот на самоволен избор на

припадност кон било кое национално малцинство. Субјективниот избор на поединецот е нераскинливо поврзан со објективни критериуми значајни за идентитетот на личноста.

36. Ставот 1, освен тоа, предвидува дека никаква штета не смее да произлезе ниту од слободниот избор загарантиран со оваа одредба, ниту од вршењето на правата поврзани со неа. Оваа одредба има за цел да обезбеди дека уживањето на слободниот избор нема да биде предмет на индиректни штети.

**Став 2**

37. Ставот 2 утврдува дека правата и слободите што произлегуваат од принципите наведени во Рамковната конвенција можат да се вршат поединечно и заедно со други. Вршењето заедно со други на правата и слободите се разликува од поимот колективни права. Зборот "други" се подразбира во широка смисла, со тоа што ги покрива припадниците на исто национално малцинство, на друго национално малцинство или на мнозинството.

**Дел II**

38. Овој член има за цел да обезбеди, принципите на еднаквост и недискриминација, да се применуваат на припадниците на националните малцинства. Одредбите на овој член треба да се толкуваат во контекстот на Рамковната конвенција.

**Ставовите 1 и 2**

39. Ставот 1 на класичен начин ги изразува тие два принципа. Ставот 2 истакнува дека "унапредувањето на целосната и ефикасна еднаквост меѓу припадниците на национално малцинство и припадниците на мнозинството може да им наметне на Страните да донесат посебни мерки кои водат сметка за специфичните услови на заинтересираните

лица. Таквите мерки треба да бидат соодветни, т.е. во согласност со принципот на пропорционалност, за да се избегне како кршењето на правата на другите, така и дискриминацијата по однос на други лица. Овој принцип наметнува таквите мерки да немаат подолго времетраење или поширок дострел одошто е потребно за да се постигне целта за целосна и ефикасна еднаквост.

40. Рамковната конвенција не содржи посебни одредби кои поблиску го третираат принципот на еднаквост на можностите. Вклучувањето на таквата одредба беше сметано за непотребно, со оглед на тоа дека принципот наведен во ставот 2 на тој член е имплицитен. Имајќи го предвид принципот за недискриминација наведен во ставот 1, истата се однесува и за слободата на движење.

Став 3

41. Ставот 3 има за цел да прецизира дека мерките наведени во ставот 2 не треба да се сметаат спротивни на принципите за еднаквост и недискриминација. Оваа одредба има за цел да им обезбеди на припадниците на националните малцинства ефикасна еднаквост, иста како и за припадниците на мнозинството.

Член 5

42. Овој член има основна цел да им обезбеди на припадниците на националните малцинства да ја сочуваат и развиваат својата култура и да го сочуваат својот идентитет.

Став 1

43. Ставот 1 ја потврдува обврската за унапредување на условите потребни за остварување на таа цел. Во него се наведени 4 суштински елементи за идентитетот на едно национално малцинство. Тој не утврдува дека едноставното постоење на етнички, културни, јазични или

верски разлики неопходно создава национални малцинства (за тоа види го извештајот од состанокот на експертите на КЕБС, одржан во Женева во 1991, дел II, став 4).

44. Повикувањето на "традициите" не значи одобрување или прифаќање на активности спротивни на националното право или меѓународните стандарди. Традиционалните активности остануваат предмет на ограничувања што произлегуваат од почитувањето на јавниот ред.

Став 2

45. Ставот 2 има за цел да ги заштити припадниците на националните малцинства од секаква асимилација против нивната волја. Тој не ја забранува доброволната асимилација.

46. Тој, исто така, не ги спречува Страните да донесуваат мерки во рамките на општата политика за интеграција. На тој начин, тој ја признава важноста на општествената кохезија и ја одразува желбата изразена во преамбулата дека културната разновидност треба да биде извор и фактор, не на поделба, туку на збогатување на секое општество.

Член 6

47. Овој член ја одразува загриженоста изразена во прилогот III од Виенската декларација (Декларација и Програма на активности во борбата против расизмот, ксенофобијата, антисемитизмот и нетолеранцијата).

Став 1

48. Ставот 1 инсистира врз духот на толеранција и меѓукултурен дијалог, а ја подвлекува важноста од унапредувањето, од страна на Страните, на заемното почитување и разбирање и соработката меѓу сите

лица кои живеат на нивната територија. Образованието, културата и медиумите тука посебно се наведуваат, затоа што се сметаат дека се од особена важност за остварувањето на тие цели.

49. За да се зајакне општествената кохезија, овој став, меѓу другото, се стреми кон унапредување на толеранцијата и меѓукултурниот дијалог преку укинување на бариерите меѓу припадниците на етнички, културни, јазични и верски групи, поттикнувајќи ги меѓукултурните организации и движења чија цел е унапредување на меѓусебното почитување и разбирање и интегрирање на тие лица во општеството, но со сочувување на нивниот идентитет.

Став 2

50. Оваа одредба во голем дел се инспирира од ставот 40.2 од документот на КЕБС од Копенхаген. Обврската за заштита се однесува на сите оние кои би можеле да бидат жртви на закани или акти на дискриминација, непријателство или насилство, без оглед на потеклото на таквите закани или акти.

Член 7

51. Овој член има за цел да се сочува почитувањето на правото на секој припадник на национално малцинство на основните слободи наведени во тој член. Се разбира дека тие слободи имаат универзален карактер, со други зборови тие се применуваат на сите лица, без оглед да ли се припадници на определено национално малцинство (види ги, на пример, соодветните одредби од членовите 9, 10 и 11 од ЕКПЧ), но тие се посебно значајни за заштитата на националните малцинства. Од причини наведени погоре, во коментарот за преамбулата, беше одлучено да се вклучат некои обврски што веќе фигурираат во ЕКПЧ.

52. Оваа одредба може да им наметне на Страните некои позитивни обврски чија цел е заштитата на споменатите слободи од насилства што

не би биле извршени од државите. Можноста од таквите позитивни обврски што произлегуваат од ЕКПЧ, беше призната од Европскиот суд за човекови права.

53. Некои слободи утврдени во членот 7 се разработени во членовите 8 и 9.

Член 8

54. Овој член содржи подетални правила одошто членот 7 за заштита на слободата на верата. Во една единствена одредба, тој наведува повеќе елементи од ставовите 32.2, 32.3 и 32.6 од документот од Копенхаген на КЕБС. Таквата слобода, без соменвање, им е призната на сите и, согласно членот 4, припадниците на национално малцинство треба, исто така, да ја уживаат. Имајќи ја предвид важноста на таа слобода во овој контекст, сепак, беше потребно да ѝ се посвети посебно внимание.

Член 9

55. Овој член содржи подетални правила од членот 7 во врска со заштитата на слободата на изразување.

Став 1

56. Првата реченица е составена според втората реченица од членот 10, став 1, на ЕКПЧ. И покрај тоа што оваа реченица посебно се повикува на слободата за примање и давање информации и идеи на малцинскиот јазик, таа исто така, ја подразбира слободата на примање и давање информации и идеи на мнозинскиот јазик или на други јазици.

57. Втората реченица од овој став ја содржи обврската за преземање мерки со цел да нема дискриминација во пристапот до медиумите. Изразот "во рамките на нивниот правен систем" беше вметнат за да се

почитуваат уставните одредби кои можат да го ограничат обемот во кој определена Страна може да го регулира пристапот до медиумите.

Став 2

58. Овој став се потпира врз третата реченица од членот 10, став 1, од ЕКПЧ.

59. Режимот на дозволи за претпријатијата за радио, телевизија и филм мора да биде недискриминаторски и да се засновува врз објективни критериуми. Внесувањето на овие услови, што не се изрично наведени во третата реченица од членот 10, став 1 од ЕКПЧ, се сметаше за значајно за еден инструмент, чија цел е да ги заштитува припадниците на определено национално малцинство.

60. Зборот "радио" што се појавува и во ставот 3 од овој член, не фигурира во соодветната реченица од членот 10, став 1, од ЕКПЧ. Тој едноставно ја одразува современата терминологија и не подразбира никаква суштинска разлика по однос на членот 10 од ЕКПЧ.

Став 3

61. Првата реченица од овој став, која се однесува на формирањето и користењето на пишаните медиуми, содржи суштински негативна обврска, додека втората реченица која што е пофлексибилна, акцентот го став врз позитивна обврска во областа на радиото и телевизијата (на пример, одобрувањето на фрекфенции). Оваа разлика се должи на релативниот недостаток на слободни фрекфенции и на потребата од прописи во областа на радиодифузијата. Не беше направено никакво изрично повикување на правото на припадниците на национално малцинство да бараат средства за формирање на медиуми, со оглед на тоа дека таквото право се сметаше за очигледно само по себе.

Став 4

62. Овој став ја истакнува потребата од посебни мерки чија двојна цел е да им се олесни пристапот до медиумите на припадниците на националните малцинства и да се унапреди толеранцијата и културниот плурализам. Изразот "соодветни мерки" беше употребен од причини наведени во коментарот за членот 4, став 2 (види став 39), во кој истиот се наоѓа. Овој став ја дополнува обврската која што фигурира во последната реченица од членот 9, став 1. Мерките предвидени во тој став би можеле да се состојат, на пример, во одобрување на средства за емитување или производство на програми во кои се третираат прашања што се од интерес за малцинствата и/или кои овозможуваат дијалог меѓу групите, или кои ги поттикнуваат, при почитување на уредувачката независност, издавачите и радиотелевизиските куќи да им овозможат на националните малцинства пристап до нивните медиуми.

Член 10

Став 1

63. Признавањето на правото на секој припадник на национално малцинство на слободна и непречена употреба на неговиот малцински јазик е од посебно значење. Всушност, употребата на малцинскиот јазик за тие лица претставува едно од основните средства за афирмирање и сочувување на нивниот идентитет. Таа е исто така начин за тие лица да ја користат својата слобода на изразување. "Јавно" значи, на пример, на јавно место, на отворен простор, во присуство на други лица, но во никој случај не се однесува на односите со јавните власти, предмет на ставот 2 од оваа одредба.

Став 2

64. Оваа одредба не ги уредува сите односи меѓу припадниците на национално малцинство и јавните власти. Таа се однесува само на

административните власти. Сепак, тие власти треба да бидат сватени во широка смисла на зборот, што го вклучува, на пример, Јавниот правобранител (ОМБУДСМАН). Водејќи сметка за евентуалните финансиски, административни, посебно во воената област, и технички тешкотии во врска со употребата на малцинскиот јазик во односите меѓу припадниците на националните малцинства и административните власти, оваа одредба беше составена многу флексибилно, со тоа што на Страните им е оставено широко поле на слободна проценка.

65. Откако ќе ги исполнат двата услова од ставот 2, Страните мора да вложат напори, во рамките на можното, да ја обезбедат употребата на малцински јазик во односите со административните власти. Должност е на државата да го утврди постоењето на "реална потреба" врз основа на објективни критериуми. И покрај тоа што државите се должни да направат сé за остварување на овој принцип, формулацијата "во рамките на можното" покажува дека разни фактори, посебно финансиските средства на односната Страна, можат да бидат земени предвид.

66. Обврската на Страните во врска со употребата на малцинскиот јазик во ништо нема да биде на штета на статусот на официјалниот или официјалните јазици на односната земја. Од друга страна, Рамковната конвенција намерно не ги определува "подрачјата населени со припадници на националните малцинства по традиција или во значителен број". Имено, се сметаше подобро да се избере флексибилна формулација која овозможува да се води сметка за посебните околности на односните Страни. Зборовите "населени... по традиција" се однесуваат не на историските малцинства, туку на оние кои сé уште живеат на истиот географски простор (види исто член 11, став 3, и член 14, став 2).

Став 3

67. Оваа одредба се засновува врз некои елементи содржани во членовите 5 и 6 од Европската конвенција за човековите права. Таа не оди над гаранциите дадени во тие членови.

## Член 11

### Став 1

68. Во поглед на практичните импликации од оваа обврска, оваа одредба е составена на начин што им остава можност на Страните да ја применат водејќи сметка за нивните посебни околности. Така, Страните можат да ја употребуваат азбуката на официјалниот јазик за пишување на името (имињата) на припадник на национално малцинство во неговата (нивната) фонетска форма. Лицата кои, во минатото, биле принудени да се откажат од нивното (нивните) име (имиња), или чие име (чии имиња) било (биле) променето (променети) насилно, би морале да имаат можност повторно да го земат (да ги земат) своето (своите) првобитно (првобитни) име (имиња), под услов, се разбира, да не постоела злоупотреба на правото и промена на името (имињата) заради фалсификување. Се разбира дека правните системи на Страните ќе ги почитуваат во таа смисла меѓународните принципи за заштита на националните малцинства.

### Став 2

69. Обврската наведена во овој став ја подразбира можноста за презентирање "на својот малцински јазик на знаци, натписи и други информации од приватен карактер изложени на јавноста". Се разбира, тоа не би можело да ги исклучи припадниците на националните малцинства од обврската да го употребуваат и официјалниот јазик и/или други малцински јазици. Изразот "од приватен карактер" се однесува на сѐ она што нема официјален карактер.

### Став 3

70. Овој член има за цел да ја поттикнува можноста за употреба на малцинскиот јазик и во локалните називи, имињата на улиците и другите топографски ознаки наменети на јавноста. Државите ќе можат да ја

применуваат оваа одредба водејќи соодветна сметка за своите посебни услови и за својот правен систем, подразбирајќи во некои случаи и спогодби со други држави. Во областа опфатена со оваа одредба, се подразбира дека Страните не подлежат на никаква обврска за склучување спогодби со други држави. Обратно, можноста за склучување на такви спогодби не е исклучена. Исто така се подразбира дека правно обврзувачката природа на постојните спогодби останува непроменета. Оваа одредба не поразбира никакво официјално признавање на локалните називи на малцинските јазици.

Член 12

71. Овој член се однесува на унапредувањето, во една меѓукултурна перспектива (види член 6, став 1), на познавањето на културата, историјата, јазикот и верата и кај националните малцинства и кај мнозинството. Целта е да се создаде клима на толеранција и дијалог, како што е наведено во преамбулата на Рамковната конвенција и во прилогот II кон Виенската декларација на шефовите на држави и влади. Листата содржана во вториот став не е исцрпна, а зборовите "за пристап до учебниците" вклучуваат објавување на учебници и нивна набавка во други земји. Обврската за унапредување на еднаквоста на можностите во пристапот до образованието во сите степени за припадниците на националните малцинства ја одразува грижата изразена во Виенската декларација.

Член 13

Став 1

72. Обврската на Страните да им го признаат на припадниците на националните малцинства правото да формираат и да управуваат со нивните сопствени приватни установи за образование и обука, подлежи на барањата на нивниот образовен систем, посебно на прописите за задолжителното образование. Установите наведени во овој став ќе

можат да подлежат на истата контрола како и другите установи, посебно во врска со квалитетот на образованието. Откако ќе бидат исполнети образовните норми, значајно е издадените дипломи да бидат официјално признати. Националното законодавство во врска со овие елементи треба да се засновува врз објективните критериуми и да го почитува принципот за недискриминација.

Став 2

73. Вршењето на правото наведено во ставот 1 не подразбира никаква финансиска обврска на товар на односната Страна, но и не ја исклучува можноста за таков придонес.

Член 14

Став 1

74. Обврската на Страните да му го признаат на секој припадник на национално малцинство правото да го изучува својот малцински јазик се однесува на еден од основните начини на кој тие лица го афирмираат и зачувуваат својот идентитет. Во тоа нема никаков исклучок. Без оглед на принципите коишто фигурираат во ставот 2, овој став не подразбира позитивни активности, посебно од финансиски карактер, од страна на државата.

Став 2

75. Оваа одредба се однесува на учење и настава на малцински јазик. Водејќи сметка за евентуалните тешкотии од финансиски, административен и технички карактер на изучувањето на малцинскиот јазик или на наставата на јазикот на малцинството, оваа одредба беше составена многу флексибилно оставајќи им широко поле на слободна проценка на Страните. Обврската за вложување напори со цел да се

обезбеди настава на малцински јазик зависи од повеќе елементи, посебно "доволно големо барање" од припадниците на националните малцинства. Формулацијата "во рамките на можното" значи дека таквата обврска зависи од расположливите средства на односната Страна.

76. Текстот намерно не дава никаква дефиниција на изразот "доволно големо барање", и на тој начин им овозможува на Страните, преку таквата флексибилна формулација, да водат сметка за посебните околности во нивната земја. Тој им го остава на Страните изборот на средствата и начините за обезбедување на наведената настава, во функција на нивниот образовен систем.

77. Алтернативите формулирани во овој став - "... можноста за изучување на малцинскиот јазик или за настава на тој јазик" - не се исклучени; и покрај тоа што членот 14, став 2, не наметнува никаква обврска за изучување на малцинскиот јазик или на наставата на јазикот на малцинството, тој не ги спречува државите Страни тоа да го направат. Двојазичната настава би можела да биде еден од начините за остварување на целта наведена во таа одредба. Обврската наведена во овој став би можела да биде проширена на предучилишното воспитание.

Став 3

78. Можноста за изучување на малцинскиот јазик или за настава на тој јазик нема да биде на штета на изучувањето на официјалниот јазик или на наставата на тој јазик. Познавањето на официјалниот јазик, всушност, претставува фактор за општествена кохезија и интеграција.

79. Државите во кои има повеќе од еден официјален јазик се должни да ги регулираат посебните прашања што ги повлекува примената на оваа одредба.

Член 15

80. Овој член бара Страните да создадат услови потребни за ефикасно учество на припадниците на националните малцинства во културниот, општествениот и економскиот живот, како и во јавните работи, посебно во оние коишто ги засегаат. Во него се наведува пред се унапредувањето на вистинска рамноправност меѓу припадниците на национално малцинство и припадниците на мнозинството. Со цел да се создадат потребни услови за ефикасно учество на припадниците на националните малцинства, Страните би можеле - во рамките на нивниот уставен поредок - да ги унапредуваат следните активности:

- консултирање на тие лица на соодветен начин, а особено преку нивните претставнички институции, кога Страните предвидуваат законски или административни мерки што можат директно да ги засегнат;

- вклучувањето на тие лица во изготвувањето, примената и проценката на плановите и програмите за национален и регионален развој, што можат директно да ги засегнат:

- изготвувањето на студии, во соработка со тие лица, со цел да се процени влијанието што предвидените активности за развој би можеле да го имаат врз нив;

- ефикасното учество на припадниците на националните малцинства во процесите на одлучување и во избраните органи, и на национален и на локален план;

- децентрализираните или локалните видови на управување;

Член 16

81. Овој член има за цел заштита од мерки со кои се менуваат пропорциите по однос на населението во географските простори во кои

живеат припадници на националните малцинства, а со кои се сака да се ограничат правата и слободите што произлегуваат од оваа Рамковна конвенција. Како пример за такви мерки, би можеле да се наведат експропријацијата, протерувањето или промената на административните граници, со цел да се ограничи уживањето на тие права и слободи (gerrymandering).

82. Членот ги забранува само мерките чија цел е да им се нанесе штета на правата и слободите што произлегуваат од Рамковната конвенција. Беше оценето дека е невозможно да се прошири забраната на мерките чиј резултат е да се ограничат тие права и слободи, со оглед на тоа дека таквите мерки можат понекогаш да бидат целосно оправдани и легитимни (на пример, преместувањето на жителите на едно село заради изградба на брана).

Член 17

83. Овој член содржи две обврски значајни за сочувувањето и развојот на културата на припадниците на националните малцинства и за заштита на нивниот идентитет (види и член 5, став 1). Првиот став се однесува на правото на воспоставување и одржување, слободно и мирно, на контакти надвор од националните граници, додека вториот став го штити правото на учество во активностите на невладините организации (види ги за тоа и одредбите од членот 7 во врска со слободата на собирање и здружување).

84. Одредбите од овој член во голем дел се засновуваат врз ставовите 32.4 и 32.6 од документот на КЕБС од Копенхаген. Се сметаше за непотребно во текстот да се внесе изрична одредба во врска со правото на воспоставување и одржување односи внатре на територијата на една држава, со оглед на тоа што се оцени дек ова прашање е доволно опфатено со другите одредби на Рамковната конвенција, посебно со членот 7 за слободата на собирање и здружување.

Член 18

85. Овој член ги поттикнува Страните да склучуваат, покрај постојните меѓународни инструменти и таму каде што посебните услови тоа го оправдуваат, билатерални и мултилатерални спогодби за заштита на националните малцинства. Тој, исто така, ја стимулира прекуграничната соработка. Како што тоа го истакнува Виенската декларација и нејзиниот прилог II, таквите спогодби и таквата соработка се од значење за унапредувањето на толеранцијата, просперитетот, стабилноста и мирот.

Став 1

86. Билатерални и мултилатерални спогодби, така како што се предвидени во овој став, би можеле, на пример, да бидат склучени во областа на културата, образованието и информирањето.

Став 2

87. Овој став го истакнува значењето на прекуграничната соработка. Размената на информации и искуства меѓу државите е значаен инструмент за унапредувањето на меѓусебното разбирање и доверба. Прекуграничната соработка ја има таа предност што овозможува спогодби што се во функција на потребите на односните лица.

Член 19

88. Овој член ја предвидува можноста за ограничувања, рестрикции или укинувања. Кога обврските од оваа Рамковна конвенција се исти со оние во други меѓународни инструменти, посебно во ЕКЧП, единствено се дозволени ограничувањата, рестрикциите или укинувањата предвидени во тие инструменти. Кога обврските од оваа Рамковна конвенција немаат никаков пандан во други меѓународни правни инструменти, важат само ограничувањата, рестрикциите или укинувањата кои фигурираат и во другите меѓународни правни инструменти (како што е ЕКЧП).

## Дел III

### Член 20

89. Припадниците на националните малцинства се обврзани да ги почитуваат Уставот и другите национални закони. Меѓутоа, јасно е дека ова упатување на националното законодавство не им дава на Страните право да не ги почитуваат одредбите од Рамковната коненција. Припадниците на националните малцинства, освен тоа, се должни да ги почитуваат правата на другите. Во врска со тоа, се упатува на ситуација во која припадниците на национално малцинство се во малцинство на национален план, но се во мнозинство во еден дел од државната територија.

### Член 21

90. Оваа одредба инсистира врз значењето на основните принципи од меѓународното право и прецизира дека заштитата на припадниците на националните малцинства треба да се врши со почитување на тие принципи.

### Член 22

91. Оваа одредба - која што се инспирира од членот 60 од ЕКЧП - го изразува добро познатиот принцип. Таа има за цел да обезбеди припадниците на националните малцинства да ги уживаат оние права од националното или меѓународното право во врска со човековите права коишто се поповолни за нив.

### Член 23

92. Оваа одредба се однесува на односите меѓу Рамковната конвенција и Европската конвенција за заштита на правата на човекот и основните слободи, на која се повикува преамбулата. Рамковната

конвенција во никој случај не би можела да ја промени заштитата на правата и слободите содржани во Конвенцијата за заштита на правата на човекот и основните слободи. Напротив, правата и слободите наведени во Рамковната конвенција, што се предмет на соодветна одредба на Конвенцијата за заштита на правата на човекот и основните слободи, мора да бидат толкувани согласно одредбите на последната.

## Дел IV

### Членови 24-26

93. За да се овозможи следење на примената на Рамковната конвенција, со неа на Комитетот на министрите му е доверена задачата да ја надгледува примената на Рамковната конвенција од страна на Договорните страни. Комитетот на министрите ќе ги определи модалитетите за учество во механизмот на примената на Страните коишто не се членки на Советот на Европа.

94. Секоја Страна му доставува на Генералниот секретар, повремено и секогаш кога тоа ќе го побара Комитетот на министрите, информации во врска со примената на Рамковната конвенција. Генералниот секретар му ги доставува таквите информации на Комитетот на министрите. Сепак, првиот извештај, чија цел е да се дадат целосни информации за законските мерки и другите мерки што Страната ги презела за да ги исполни обврските наведени во Рамковната конвенција, треба да биде доставен во рок од една година, сметано од денот на стапувањето на сила на Рамковната конвенција за односната Страна. Извештаите доставени подоцна ги дополнуваат информациите содржани во првиот извештај.

95. За да се обезбеди ефикасност во следењето на примената на Рамковната конвенција, со Конвенцијата е предвидено формирање на советодавен комитет. Задачата на тој советодавен комитет е да му помага на Комитетот на министрите при неговата проценка на соодветноста на мерките преземени од некоја Страна за реализација на принципите наведени во Рамковната конвенција.

96. Комитетот на министрите е задолжен да го определи, во рок од една година од денот на стапувањето на сила на Рамковната конвенција, составот и процедурите на советодавниот комитет чии што членови треба да имаат призната компетентност во областа на заштитата на националните малцинства.

97. Следењето на примената на оваа Рамковна конвенција ќе се врши, колку што е можно, со почитување на принципот на транспарентност. Во тој поглед, би било пожелно да се предвиди објавување на извештаите и другите текстови во врска со тоа следење.

## Дел V

98. Завршните одредби содржани во членовите од 27 до 32 се засновуваат врз моделот на завршните клаузули што се применуваат на конвенциите и спогодбите склучени во рамките на Советот на Европа. Не постои член во врска со резервите; тие се дозволени само доколку се дозволени и со меѓународното право. Освен членовите 27 и 29, завршните одредби, според тоа, не бараат посебни коментари.

### Членови 27 и 29

99. Рамковната конвенција е отворена за потпишување за државите членки на Советот на Европа како и, на покана на Советот на

министрите, за други држави. Се подразбира дека тие "други држави" се државите кои учествуваат во Конференцијата за европска безбедност и соработка. Овие одредби водат сметка за Виенската декларација, според која Рамковната конвенција треба да биде отворена за потпишување и за државите коишто не се членки (види прилог II кон Виенската декларација од Состанокот на врвот на Советот на Европа).

**ПОТВРДУВАМ** дека преводот е верен на оригиналот.

АМБАСАДОР

Иван Тошевски

ПОТСЕКРЕТАР
ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ

Виктор Габер